**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-241/5**
**Скопје, 18.06. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Свети Николе за 2007 година, кои се прикажани на страните 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Свети Николе за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Слободан Даневски - градоначалник на општина Свети Николе во 2007 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 17.03. до 10.04.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

**10.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плаќања**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека Општината нема воспоставено интерни контроли, така што, плаќањата се вршат врз основа на некомплетна и ненавремено евидентирана документација, непотврдена од одговорни лица.
Невоспоставените интерни контроли се потврдуваат со:

- Непостоење пишани процедури за движење на документацијата;
- Непостоење писмен документ за извршените нарачки;
- Кај дел од набавките од мала вредност не е можно да се потврди дека условите за набавка не се однапред договорени;
- Не постои дефинирање и разграничување на надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- Не се врши уредно ликвидирање на документацијата;
- Не постои упатство за благајничко работење;
- Не постои материјална евиденција за набавките;
- Нема воспоставено контролни постапки за следење на спроведување на договорите;
- Не е назначен овластен сметководител.

Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна и веродостојна создава можности за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

**Препорака**:
Градоначалникот да ги преземе следните активности согласно законските прописи:

- да одреди одговорен сметководител на општината;
- да одреди лице (ликвидатор) кое ќе врши уредно ликвидирање на документите и ќе гарантира дека истите вистинито и реално ги прикажуваат сметководствените промени и трансакции;
- да иницира изготвување пишани процедури со кои ќе се дефинира постапката за набавка на стоки и услуги од моментот на утврдување на потребата од набавка, до моментот на плаќање, со определување на одговорни лица во


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

секоја фаза од трансакцијата и документацијата што треба да се приложи како потврда за настанатата финансиска промена.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Во текот на 2007 година Општина Свети Николе има исплатено средства во висина од 657 илјади денари за помош на социјално загрозени лица.
Општината има Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2007 година, меѓутоа, нема донесено акт за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (во кои случаи и за какви намени се доделуваат средствата), висината на доделената помош, начинот на обработка на барањата. Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нееднаков третман на лицата кои поднеле барање за ист случај, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

10.2.2. Во текот на 2007 година на здруженија на граѓани и спортски клубови од Буџетот на Општина Свети Николе се исплатени 281 илјади денари, од кои 87% за финансирање на ракометниот клуб Овче Поле од Свети Николе.
Општина Свети Николе има донесено Програма за одржување на спортски манифестации во 2007 година, меѓутоа, нема донесено Правилник со кој се утврдени критериумите и постапката за доделување на средства наменети за финансирање на спортски клубови и за одржување на спортски манифестации. Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања во кои се наведува намената на бараните средства, без претходно распишан оглас за распределба на средствата и без утврдени критериуми. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени.
Непостоењето на акт со утврдени критериуми, како и необјавувањето оглас за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, фаворизирање на одредени корисници, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Одделението за правни, јавни дејности и општи работи да изготви, а Советот на општината да донесе акт во кој ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства за:

- парична помош на физички лица и,
- за финансирање на спортски клубови и за одржување на спортски манифестации,

заради обезбедување на наменско користење на средствата, во согласност со донесените програми и дефинираните критериуми.

10.2.3. Спротивно на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2007 година се извршени или се наоѓаат во фаза на инвестиции во тек работи кои не се планирани, а се однесува за санација на улица “Младинска“ (1,344 илјади денари). Извршувањето работи кои не се предвидени со програмите донесени од советот на општината придонесува за субјективно одлучување при избор на објектите кои ќе бидат предмет на изградба и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Секторот за урбанизам во програмите за работа да ги наведат сите објекти кои ќе бидат предмет на работа во тековната година, а доколку се јават непредвидени работи, да се изврши измена на Програмата усвоена од Советот на општината.

10.2.4. Општина Свети Николе во текот на 2007 година започнала со градба на мост на реката Периш, без да обезбеди одобрение за градба за истиот објект, спротивно на Законот за градење. Започнувањето со изведба на градбите за кои не е обезбедено одобрение за градење од надлежните органи има третман на диво градба и условува незаконско користење на средствата по истиот основ.

**Препорака:**
Општина Свети Николе, како градител на објектите, пред да започне со изведба на истите да обезбеди одобрение за градба од надлежните органи согласно Законот.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Во Општина Свети Николе не се воспоставени сметководствени политики и начела за евидентирање на залихите на материјалите, поткрепено со соодветни документи за прием и издавање на истите. Општината нема овластено лице надлежно за залихите, односно приемот на материјалите го вршат повеќе лица, со што се губи увидот.
Наведеното доведува до:

- евидентирање по основ на некомплетни документи;
- нереално и необјективно искажување на залихите во Билансот на состојба.

Поради невоспоставена сметководствена и материјална евиденција на залихите на материјали, на крајот на годината не е извршен попис и не е извршено усогласување на фактичката и сметководствената состојба, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
Во недостиг на евиденција и воспоставени контролни постапки, зголемена е можноста од злоупотреба на материјалите.

**Препорака:**
Набавката на материјали и ситен инвентар да се регулира со општ акт/пишани процедури со дефинирање на начинот на евидентирање на залихите, процесот на набавка почнувајќи од утврдувањето на потребата за набавка, приемот на материјалите, следењето на договорите за набавка во однос на цените и количините, издавањето на материјали и пописот на крајот на годината.

10.3.2. Извршениот попис на материјалните средства со состојба на 31.12.2007 година не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. При тоа, не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството, поради што ревизијата не се увери во однос на реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства. Пописните листи не се целосно пополнети, односно ја содржат само количината на материјалните средства, а не и сметководствената вредност. Вкупниот износ на материјалните средства не е поткрепен со рекапитулација на пописните листи.
Опремата не е одбележана со инвентарни броеви.

Во извештајот на пописната комисија утврдени се кусоци и даден е предлог за расходување на неупотребливи материјални средства и ситен инвентар, меѓутоа, нема донесено решенија за спроведување на предлогот на комисијата.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да иницира изготвување на Правилник за извршување на пописот со кој согласно законската регулатива ќе бидат предвидени сите активности околу пописот.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на расходите

10.4.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените трошоци на ставката Тековно одржување во износ од 800 илјади денари кои се однесуваат за уредување и одржување на градско зеленило и чистење на јавно прометните површини исплатени на ЈКП Комуналец - Свети Николе поради следново:

- исплатата не се темели на реален обем на извршени работи, туку на планирани работи утврдени во Програмата за одржување на јавно зелените површини и спортски објекти за 2007 година и Програмата за работа за одржување на хигиената на јавно прометните површини со речно корито Поток на ЈКП Единство за 2007 година усвоени од Советот на Општина Свети Николе во декември 2006 година.
- плаќањето се врши врз основа на фактури од ЈКП Комуналец - Свети Николе, кое во текот на 2007 година со преминот на вработените од ЈКП Единство ги презело надлежностите во работењето од ЈКП Единство чија сметка подолго време е блокирана и не е активно. Советот нема донесено одлука дека Програмите за работа на ЈКП Единство, се пренесуваат во надлежност на ЈКП Комуналец.
- општина Свети Николе нема склучено договор со јавното комунално претпријатие во кој ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски со оглед на фактот дека годишни програми за работа на јавното претпријатие не се основ за фактурирање за извршени работи.
- во програмите дел од работите се дадени описно, нема утврдено распоред на одржување на зеленилото и чистењето на улиците како основ за утврдување на количината на извршените работи и не е дефиниран начинот на формирање на цената по м2.
- не се утврдени начинот на контрола на извршување на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите. Доставените фактури не се потврдени од надлежни лица дека работите се извршени.

Недефинираните односи со ЈКП Комуналец, односно плаќањето врз основа на годишна програма, а не за вистински извршена работа, условува нереално искажување на расходите на Општината.

**Препорака:** Градоначалникот на општина Свети Николе на почетокот на секоја година да склучува договор со ЈКП Комуналец за регулирање на меѓусебните обврски, дефинирање на цените на услугите, начинот на обезбедување на докази за обемот на извршената работа.

10.4.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените трошоци на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 1,054 илјади денари кои се однесуваат на потрошените средства за горива и масла поради фактот што:

- за возилата не се прават патни налози и не се следи поминатата километража;
- нема евиденција за трошокот за гориво по возило;

- трошокот за гориво не се базира на налози за патување;
- Советот на општина Свети Николе нема донесено акт со кој ќе се дозволи користење на службено возило од страна на градоначалникот за личен превоз од и до работно место. Користењето на имотот на општината без согласност од Советот е спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа;
- нема одговорно лица за евиденција на трошокот.

Невоспоставената евиденција по возила, како и непочитување на законските одредби создава можност за злоупотреба и ненаменско користење на возилата, со што се зголемуваат трошоците на Општината.

**Препорака:**

- да се изготвуваат патни налози и да се воведе аналитичка евиденција за секое возило заради следење на поминатата километража и потрошокот на гориво.
- да се утврди потребата од користење на службено возило за превоз на градоначалникот од и до работа и Советот да донесе соодветен акт за регулирање на ова право.

10.4.3. За угостителски услуги и сместување по повод фестивалот на изворен фолклор Тодорица се платени вкупно 214 илјади денари. Нема податоци за колку лица се однесуваат угостителските услуги, нема спецификација и договор со однапред утврдени услови и цени. Трошокот го надминува износот од Програмата за култура каде што за овој настан се планирани 150 илјади денари.

Плаќањето за услуги врз основа на нецелосна документација, без однапред договорени цени и количини, создава можност за ненаменско користење на средствата, со што се зголемуваат трошоците на Општината.

**Препорака:**

Организаторите на манифестацијата, покрај целосното и детално планирање на трошоците за престој на гостите, треба однапред да ги дефинираат и договорат цените на услугите.

10.4.4. Општина Свети Николе има ангажирано лица за извршување на работи со кои во 2007 година има склучено договори за дело. На овие лица во 2007 година е исплатен надоместок во износ од 1,139 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**

Вработувањата да се согласно актот за систематизација и согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област, а за вработените лица на определено или неопределено работно време да се плаќаат даноци и придонеси од плата согласно позитивните законски прописи.

10.4.5. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста за дел од расходите искажани на ставката Други градежни објекти во вкупен износ од 157 илјади денари, а поради исплати по некомплетна и недоволно поткрепувачка документација кои се однесуваат за набавка и монтажа на телефонски апарати, поради тоа што во договорот и фактурата не се наведени марката, количините и поединечните цени на набавените телефонски апарати, нема испратница во прилог, ниту потпис на фактурата од овластено лице како доказ за извршен прием на стоката;


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотврдена од овластени лица е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што создава можност за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Да се донесат пишани процедури за регулирање на процесот на плаќање во кое имплементирање ќе учествуваат и вработените од сметководство.

### 10.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.5.1. Во сметководствената евиденција на Општина Свети Николе во 2007 година е воведен градежен објект – одморалиште во Стар Дојран, со вредност од 1,428 илјади денари колку што е вложено во текот на годината за реконструкција на кров и тераса. За овој објект има имотен лист, во кој е запишано дека одморалиштето е заедничка сопственост на Општина Свети Николе и Општина Чичевац, Република Србија. Проценка на вредноста на објектот не е извршена, така што евидентираната вредност не е реална.
Општината ги нема регулирано односите со Општина Чичевац во однос на покривањето на трошоците за одржување, а врши вложувања во објектот во градежи и во опрема заради негова заштита. Нерегулираното еднострано вложување може да влијае во структурата на сопственоста на објектот.

**Препорака:**
Општината да ги регулира односите со Општина Чичевац во однос на покривање на трошоците за одржување, и во иднина да не се вршат еднострани вложувања во објектот.

10.5.2. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500-Ревизорски докази и 505-Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 9,499 илјади денари беа испратени 19 конфирмации кон добавувачите, кои опфаќаат 98% од вкупните обврски на Општина Свети Николе.
Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата се добиени одговори од 10 комитенти (43% од испратените конфирмации), од кои седум конфирмации во износ од 1,220 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (13% од обврските), со три добавувачи состојбите не се усогласени (2,849 илјади денари), додека за девет конфирмации во вкупен износ од 5,429 илјади денари (30% од обврските) не се добиени одговори.
Имајќи предвид дека не е добиена потврда на 87% од неподмирените обврски со состојба на 31.12.2007 година, ревизијата не се увери во реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на обврските.

**Препорака**:
Секторот за финансиски работи во Општина Свети Николе редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

**10.6. Ненаменско користење на средства**

Ревизијата не се увери во оправданоста на наменското користење на средствата искажани на позицијата **Капитални расходи** за 2007 година во износ од 1,275 илјади денари, заради следното:

10.6.1. Општина Свети Николе во 2006 година извршила набавка на моторно возило, за кое во 2007 година се платени 1,100 илјади денари. Купопродажната цена на возилото изнесува 4,183 илјади денари.
Моторното возило е купено на лизинг, со рок на отплата на 36 рати и вкупна вредност од 4,741 илјади денари (вклучувајќи го надоместот за лизинг и ДДВ).
Долгорочното задолжување на Општина Свети Николе е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, односно набавката е извршена без одлука на Советот на Општината. Имено, Советот на општината има донесено одлука за одобрување на набавка на патничко моторно возило, меѓутоа, два месеци по склучениот договор за купопродажба и без претходно одржано јавна расправа. Во Одлуката нема утврдено вредност.
Ревизијата не обезбеди доказ дека општината Свети Николе го доставила договорот за лизинг и амортизациониот план до Министерство за финансии.
За набавката на возилото не е спроведена постапка за јавна набавка со отворен повик согласно одредбите од Законот за јавни набавки.
Долгорочното задолжување на општина Свети Николе за набавка на возилото, без валидна одлука на Советот на Општината и без спроведена постапка за јавна набавка претставува незаконско и ненаменско трошење на средствата на Буџетот на општина Свети Николе.

**Препорака:**
Со оглед на релативно скромниот Буџет на Општината, како и значителноста на нерешените комунални проблеми, Општината да се воздржува од набавка на скапи возила, односно средствата од Буџетот да ги користи првенствено за разрешување на работите од јавен интерес.

10.6.1. Набавени се контејнери во вредност од 175 илјади денари за кои, про-фактурата е насловена на ЈКП Комуналец, а фактурата врз основа на која е извршено плаќање на Општината, така што не е јасно за кого е набавката, чии се материјалните средства. Нема Одлука на Советот. Доколку се набавени за ЈКП Комуналец, нема записник за примопредавање. Општината нема спроведено постапка за јавна набавка, договор за утврдување на цените и количините, потврда за извршен прием, контејнерите не се во пописот на средства, нема пресметано амортизација.
Набавка на опрема без валидна одлука на Советот на Општината и без спроведена постапка за јавна набавка претставува незаконско и ненаменско трошење на средствата на Буџетот на општина Свети Николе.

**Препорака:** За набавка на опрема и нејзино преотстапување на јавните претпријатија, Советот на Општината треба да донесе одлука.

**10.7. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.7.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди непrименување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- Понудувач има доставено две понуди под ист број и под ист датум по објавениот отворен повик-Изградба на улици во град Свети Николе, изградба на атмосферска и фекална канализација, одводнување на градски гробишта и изградба на мост на река Периш. Помеѓу доставените понуди постојат битни разлики во содржината за критериумите, начинот, условите на плаќање и квалитетот (гарантен рок). При вршење на евалуацијата комисијата ја разгледувала и бодувала едната понуда врз основа на која фирмата е избрана за најповолен понудувач. При тоа, договорот бил склучен и ги содржи елементите на втората доставена понуда на износ од 10,521 илјади денари. Вака спроведената постапка за јавна набавка е спротивна на Законот за јавни набавки, што придонело за фаворизирање на истата фирма и склучување на договор по повисоки цени од најниско понудената цена во износ од 9,581 илјади денари.
- Општина Свети Николе склучила два анекс договори за изградба на улици во град Свети Николе, изградба на атмосферска и фекална канализација, одводнување на градски гробишта и изградба на мост на река Периш, без претходно да обезбеди согласност од Бирото за јавни набавки. Во анексите не е утврдена вредноста на договорот. Ваквиот начин на работење е спротивен на Законот за јавни набавки, а недефинираната вредност на работите кои ќе се вршат условува зголемени трошоци и дополнително оптоварување на Буџетот на општината.
- За спроведената набавка за изградба на локален пат (пробивање, одводнување, тампон) до населено место Алакинци, со отворен повик, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација на понудите не ја исклучила понудата на еден од понудувачите која не била комплетна бидејќи не е понудена гаранција за изведената градба, еден од условити врз основа на кој е оценет критериумот квалитет. При тоа, комисијата извршила погрешно бодирање за гарантниот рок така што на понудувачот му се доделени максимум 15 бодови предвидени во повикот. Со погрешното бодирање на гарантниот рок, комисијата неправилно го избрала понудувачот со кого склучила договор во износ од 2,517 илјади денари (средствата се обезбедени од Бирото за стопански неразвиени подрачја). Вака спроведената постапка за јавна набавка е спротивна на Законот за јавни набавки.
- Склучен е анекс договор во износ од 483 илјади денари за изградба на локален пат од 3,1 км (пробивање, одводнување, тампон) до населено место Алакинци, без претходно да обезбеди согласност од Бирото за јавни набавки. Ваквиот начин на работење е спротивен на Законот за јавни набавки, а недефинираната вредност на работите кои ќе се вршат условува зголемени трошоци и дополнително оптоварување на Буџетот на општината.

10.7.2. Не се води посебна евиденција за малите набавки согласно Законот за јавни набавки.

10.7.3. Не се спроведени постапки за јавни набавки од мала вредност во вкупен износ од 1,083 илјади денари (Преглед бр.1)

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законските прописи создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучување на договорите, привилегирана положба на одредени добавувачи и можност за набавка по зголемени цени, што условува зголемени трошоци и дополнително оптоварување на Буџетот на Општина Свети Николе.

**Препорака**:
Заради констатираните наоди кои директно влијаат врз средствата на буџетот на Општина Свети Николе, да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

11. Според наше мислење, поради изнесеното во точка 10.3., 10.5. и 13 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на Општина Свети Николе на ден 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1.,10.2.,10.4.,10.6. и 10.7, во Општина Свети Николе не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на материјалните средства во Билансот на состојбата за 752 илјади денари, на инвестициите во тек за 20,275 илјади денари, на обврските по основ на плати и надоместоци за 1,191 илјади денари и намалување на обврските спрема добавувачите за 2,417 илјади денари.

14**.** Врз основа на презентираните податоци од Одделение за правни, општи и јавни работи на Општина Свети Николе, ревизијата утврди дека во тек се повеќе судски спорови, по основ на експропријација на недвижности, утврдување право на сопственост и одговорност за исплата на плати. Имајќи предвид дека, дел од пресудите (првостепени) се на штета на Општина Свети Николе, нивното ефектуирање може да предизвика негативни ефекти врз финансиското работење и одлив на средства од Буџетот на Општината во наредните години.

**Скопје, 16/06/2008** **Овластен државен ревизор**


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Орган на Општина Свети Николе**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 56,634 | 34,299 |
| **Вкупно приходи** | | **56,634** | **34,299** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1. | 14,214 | 10,150 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.1.2. | 38 | 40 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.3. | 17,623 | 12,093 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.4. | 720 | 841 |
| Социјални бенефиции | 3.2.1.5. | 657 | 718 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **33,252** | **23,842** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 23,382 | 10,376 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **23,382** | **10,376** |
| **Вкупно расходи** | | **56,634** | **34,218** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **81** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **81** |

Образложенијата на страните од 14 до 22 се составен дел на финансиските извештаи

**Орган на Општина Свети Николе**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.1 | 221 | 221 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 10,456 | 13,650 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10,677** | **13,871** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | | 0 | 1,156 |
| Материјални средства | 4.1.3.1 | 53,655 | 112,922 |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.3.2 | 28,202 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **81,857** | **114,078** |
| **Вкупна актива** | | **92,534** | **127,949** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1 | 7,216 | 9,571 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.2.2 | 155 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.3 | 17 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.4 | 1,019 | 930 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.5 | 28,423 | 221 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **36,830** | **10,722** |
| **Долгорочни обврски** | 4.2.6 | **2,049** | **3,149** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.7.1 | 53,655 | 114,078 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **53,655** | **114,078** |
| **Вкупна пасива** | | **92,534** | **127,949** |

Образложенијата на страните од 14 до 22 се составен дел на финансиските извештаи

**Орган на Општина Свети Николе**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **114,078** | **-** | **114,078** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,129** | **154** | **3,283** |
| Набавки | 3,129 | 154 | **3,283** |
| **Намалување по основ на:** | **63,552** | **154** | **63,706** |
| Сторно на градежни објекти на буџетските корисници | 62,810 | | **62,810** |
| Амортизација | 742 | 154 | **896** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **53,655** | **-** | **53,655** |

Образложенијата на страните од 14 до 22 се составен дел на финансиските извештаи


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*